ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT

STATE AUDIT OFFICE

INTERCERT
system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-025/2018

# П Р А В И Л Н И К

**за изменување и дополнување на**

**Правилникот за систематизација на работните места**

**во Државниот завод за ревизија**

**Скопје, февруари 2021 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 9 став 1 точка 11 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18), Главниот државен ревизор на ден 22.02.2021 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за ревизија

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод ревизија бр.01-803/1 од 28.08.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за ревизија бр.01-803/2 од 28.10.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за ревизија бр.01-341/1 од 11.02.2021 година во глава IV. Табеларен приказ на работните места во Државниот завод за ревизија, во работното место под реден број 3 шифра РЕВ 01 01 Б01 001, звање Советник на Главниот државен ревизор во делот Работни задачи и обврски, се додава нова алинеја “врши најсложени задачи кои бараат посебна самостојност и стручност, а кои се однесуваат на ревизијата и унапредувањето на процесот на вршење на ревизија”.

### Член 2

Во глава IV. Табеларен приказ на работните места во Државниот завод за ревизија, во Секторот за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ, одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ, во Одделението за ревизија на субјектите од одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ, во работното место под реден број 14,

шифра РЕВ 01 01 В01 001, звање Самостоен ревизор, во делот Работни задачи и обврски алинеја 3 се менува и гласи "по потреба со овластување од ГДР, врши работи на раководител на ревизорски тим, и во тој контекст во улога на Раководител на тимот, ја планира и ја координира работата на тимот и е одговорен навремено и точно да се спроведат ревизорските активностите", и делот број на извршители, бројот 2 се заменува со бројот 3.

Член 3

Во глава IV. Табеларен приказ на работните места во Државниот завод за ревизија, во Секторот за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ, одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ, во Одделението за ревизија на субјектите од одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ, во работното место под реден број 15, шифра РЕВ 01 01 В02 001, звање Виш ревизор, во делот број на извршители, бројот 1 се заменува со бројот 2.

Член 4

Во глава IV. Табеларен приказ на работните места во Државниот завод за ревизија, во Секторот за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ, одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ, во Одделението за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ и правобранителството, во работното место под реден број 19, шифра РЕВ 01 01 В01 001, звање Самостоен ревизор, во делот Работни задачи и обврски алинеја 3 се менува и гласи "по потреба со овластување од ГДР, врши работи на раководител на ревизорски тим, и во тој контекст во улога на Раководител на тимот, ја планира и ја координира работата на тимот и е одговорен навремено и точно да се спроведат ревизорските активностите".

Член 5

Во глава IV. Табеларен приказ на работните места во Државниот завод за ревизија, во Секторот за ревизија на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и